Национален комитет за олеснување на трговијата

Скопје, 18 април 2019 година

# ЗАПИСНИК

## од третиот состанок на

## Националниот комитет за олеснување на трговијата

Третиот состанок на Националниот комитет за олеснување на трговијата се одржа на 18 април 2019 година во просториите на Министерството за економија (МЕ). Со состанокот претседаваше Билјана Додевска, државен советник во МЕ и член на Националниот комитет. На состанокот (иако учеството е задолжително) не пристуствуваа членовите или замениците членови од Стопанска Комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанска Комора на Северо-Западна Македонија, МИФА и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Националниот комитет на состанокот работеше по утврден дневен ред кој до членовите беше дистрибуиран по електронски пат 10 дена пред одржување на состанокот и кој беше усвоен без забелешки од присутните на состанокот (во прилог).

Согласно <u>втората точка од дневниот ред</u>, се дискутираше за улогата на Одлуката за распоредување на форми на увоз и извоз во контекст на најновите промени во системот на единствена регулација на дозволите за увоз и извоз воведени со пуштањето во употреба на Единствената тарифна околина – ТАРИМ. Членовите на Националниот комитет заклучија дека е потребно итно ажурирање на Одлуката заради нејзино услогласување со промените во класификацијата на Царинската тарифа и дека тој процес треба да се одвива преку координација на засегнатите институции вклучени во Работната група формирана за таа цел од страна на Националниот комитет. Беше потенцирана потребата од поактивно вклучување на сите номинирани институции во работата на групата, а особено на оние институции кои се надлежни за регулирање на здравствените/медицинските средства и еколошките аспекти на прекуграничната трговија. Националниот комитет предлага во новата верзија на Одлуката стоките да бидат класифицирани

на погенерален начин согласно Царинската тарифа, заради намалување на потребата од нејзино често ажурирање.

Во рамки на третата точка, се разгледуваа можностите за поефикасна имплементацијата на препораките за реформирање на системот на дозволи и контроли произлезени од Анализата изработена од УСАИД РЕГ. Претседавачот ги информира присутните дека Министерството за економија ќе изготви извештај до Владата за досегашните активности на Националниот комитет кои се дискутираа во рамки на трите досегашни состаноци. Во информацијата ќе се предложат и заклучоци во насока на имплементација на препораките од Анализата. Царинската управа повторно потенцираше дека суштината на најголем дел од препораките од анализата е дека институциите треба да и даваат на Царинската управа поквалитетни и подетални информации и упатства со релевантни за контрола на производите кои влегуваат во царинското подрачје на нашата земја. Тие предложија во информацијата до Влада да се вклучи обврска институциите редовно да доставуваат детални упатства за производите од нивна надлежност и да организираат соодветни обуки за цариниците. Агенцијата за храна и ветеринарство информираше за статусот на имплементација на препораката за олеснување на инспекциските контроли за производи од неживотинско потекло и остави можност за дополнително скратување на листата на производи кои подлежат на контроли. Претставникот од АХВ побара да доставаат подетална елаборација на оваа тема која би била вклучена во информацијата до Влада. АМЕРИТ пред Националниот комитет го изложи барањето на превозниците во патен сообраќај за вклучување на Државниот инспекторат за транспорт во системот EXIM. Претставникот од АМЕРИТ побара да достават елабориран предлог во оваа насока.

Согласно четвртата точка од дневниот ред, претседавачот ги информираше присутните за билатералната средба помеѓу претставници на Националниот комитет на Република Северна Македонија со делегацијата на Националниот комитет за олеснување на трговијата на Република Косово одржана на 10 април 2019 година во Скопје. Беше истакнато дека вакви средби треба да се остваруваат почесто за меѓусебно информирање за мерките и активностите што се преземат кон бизнис секторот, како и можноста заеднички да се дејствува по одредени прашања кои може да влијаат на слободниот проток во билатералната трговија.

Согласно петтата точка од дневниот ред, Царинската управа информираше дека во нивните контакти со Царинската управа на Грција е изразен интерес за

одржување на билатерален состанок помеѓу Националните комитети на двете земји заради разгледување и надминување на најгорливите проблеми во прекуграничната трговија помеѓу двете земји. Некои од прашањата кои биле посочени од грчка страна се однесуваат на состојбата на товарните возилата на македонските превозници, дозволи за превоз на хемикалии и неусогласеност на царинските документи. Министерството за економија и Царинската управа се обврзаа дека во координација со грчката страна ќе работат на утврдување на датата и агендата за состанокот кој се планира за јуни 2019 година. Покрај ова, Царинската управа информираше дека постои интерес од страна на Грција за воспоставување на заеднички гранични контроли на граничниот премин Евзони.

Во рамки на шестата точка од дневниот ред, членовите на националниот комитет беа информирани за статусот на имплементација на активностите за воспоставување заеднични гранични контроли со Србија и Албанија. Од Царинската управа информираа дека поради политичките состојби во регионот има мало закочување на овој процес, но дека наскоро се очекуваат поместувања, затоа што оваа иницијатива ќе биде издигната на највисоко ниво преку вклучување во агендата на самитот во Познањ, Полска. За мај е договорена средба помеѓу Министерствата за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Република Србија кога се очекува да се договори придвижување на активностите. Во однос на Албанија, работите се одвиваат според планираната динамика. Претставникот од Министерството за транспорт и врски информираше дека заедничките контроли во железничкиот сообраќај со Република Србија се планира да започнат кога ќе заврши изградбата на објектот кој се гради од страна на соседната земја, додека преговорите со Косово се застанати затоа што на нивна територија во моментов не постои соодветна инфраструктура за организирање на заедничките контроли.

Под седмата точка од дневниот ред, Царинската управа ги информираше членовите на Националниот комитет дека од 1 јуни 2019 година се планира целосно пуштање во функција на Системот за електронска обработка на царински декларации и акцизни документи – СОЦДАД. Оваа сериозна реформа ќе предизвика голема промена во начинот на поднесување и процесирање на царинските декларации и останатите царински документи и нејзината имплементација се очекува да претставува голем предизвик за сите субјекти вклучени во прекуграничната трговија. Меѓутоа, успешната имплементација на СОЦДАД воедно ќе донесе и огромни придобовки затоа што ќе овозможи целосна

Национален комитет за олеснување на трговијата

дигитализација на царинските операции, за со тоа и поголема ефикасност, транспарентност и предвидливост.

По исцрпувањето на точките на дневниот ред, претставникот на АМЕРИТ го покрена прашањето за ревитализирање на иницијативата за потпишување на дополнителен Протокол за ЦРМ со кој би се вовел електронски ЦРМ. Министерството за транспорт и врски се обврза да провери до каде се активностите во оваа област.

Во завршниот дел од состанокот, членовите на Националниот комитет се договорија дека Информацијата за активностите на комитетот ќе биде изработена и доставена до Владата во текот на јуни.